РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА РАБОТАТА НА

ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

ВО 2011 ГОДИНА

*Април 2012 година*

# ВОВЕД

Почитувани,

Извештајот за својата работа во 2011 година Државната комисија за спречување на корупцијата го доставува до Собранието на Република Македонија согласно со член 49 став 1 алинеја 10 од Законот за спречување на корупцијата (Сл.Весник на РМ бр. 28/02; 46/04; 126/06; 10/08; 161/08 и 145/10) и член 21 став 1 алинеја 4 од Законот за спречување судир на интереси (Сл.Весник на РМ бр. 70/07; 114/09 и 06 /12 ).

Во извештајната 2011 година Државната комисија за спречување на корупцијата продолжи доследно да ги остварува своите законски надлежности во спречувањето на корупцијата и судирот на интереси во рамките на законите и со алатките што и се ставени на располагање, работејќи напоредно и на планот на превенцијата и на полето на репресијата на општествено штетните однесувања што се составен дел на корупцијата како општествен проблем. Истовремено, Државната комисија за спречување на корупцијата како единствена институција основана со цел непосредно дејствување во борбата против корупцијата и судирот на интереси, со статус на самостојна и независна институција во вршењето на работите определени со законите, постојано ги негува и развива принципите на транспарентно и проактивно општествено дејствување со цел развивање на антикорупциска култура на граѓаните, јакнење на нормативниот и институционалниот капацитет на земјава и воведување најсовремени и најефикасни искуствено потврдени практики во борбата против корупцијата во Република Македонија.

Во работата на Државната комисија за спречување на корупцијата 2011 година генерално гледано ја одбележаа неколку суштински карактеристики.

Имено, по прв пат од нејзиното основање во 2002 година е воведена професионализација на членовите на Државната комисија така што актуелниот состав наименуван во месец април 2011 година, функцијата ја остварува професионално како редовен работен однос.

Во поглед на содржината на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата во извештајната година најголемиот дел од вниманието, времето и енергијата објективно беа насочени на две витални подрачја од нејзина надлежност, а тоа беше непосредното спроведување на Законот за спречување на корупцијата, поточно на делот корупција во политиката во врска со предвремените парламентарни избори што се одржаа на 05 јуни 2011 година. Тоа во конкретни показатели значеше дека на овој план Државната комисија одработи вкупно 641 предмет.

Покрај тоа, годината ја одбележа повеќемесечната интензивна работа врз подготовката и донесувањето на стратешкиот програмски документ за борбата

против корупцијата и судирот на интереси во Република Македонија за периодот 2011-2015 година насловен како Државна програма со Акционен план. Битно е да се каже дека е унапреден пристапот во градењето на овој документ за да се придонесе кон остварување на потребите на земјава и сугестиите од Европската Комисија дека воспоставениот нормативен и институционален потенцијал треба конечно да се преточи во ефикасна практика. Тоа значи дека по првпат се конкретизираат низ практиката најизразените и најризични подрачја и проблеми со корупцијата и судирот на интереси во точно посочени сектори во општеството, во програмата утврдени како 11 сектори, во кои се точно утврдени активностите и мерките што треба да се преземат, носителите и временските рокови и да се следи и анализира степенот на реализирање на Државната програма.

Што се однесува до тековната работа на Државната комисија, во овој воведен дел се посочени само неколку основни показатели: Во 2011 година за спречување на корупцијата се отворени вкупно 908 предмети, а беше постапено по вкупно 1357 предмети, од кои се решени 1157. На полето на судирот на интереси, оформени се 78 нови предмети, а решени се вкупно 128.

Согласно со своите законски надлежности Државната комисија за спречување на корупцијата до други непосредно надлежни државни органи поднесе 19 иницијативи за утврдување кривична и други видови одговорности.

Извештајот за своето работење во 2011 година Државната комисија за спречување на корупцијата го структуира и димензионира согласно со барањата на законот и во обем и со елементи што нудат целосен увид во нејзиното минатогодишно работење за да му се овозможи на Собранието на Република Македонија објективно да ја согледа нејзината работа.

Со почит,

Скопје, април 2012 година

Државна комисија за спречување на корупцијата

Воислав Зафировски, претседател
Мирјана Димовска,член
Фарије Алиу, член
Љубинка Муратовска Маркова, член
Љубинка Корабоска, член
Сејди Хаљиљи, член
Зоран Додевски, член

# I. ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

## I.1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Државната комисија за спречување на корупцијата е основана во месец ноември 2002 година согласно со Законот за спречување на корупцијата донесен во месец април 2002 година со цел спроведување на Законот за спречување на корупцијата, како самостојна и независна институција во рамките на надлежностите утврдени во законот. Ваквиот статус на Државната комисија за спречување на корупцијата е во корелација и со Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата која со нејзината ратификација во 2007 година стана извор на правото во Република Македонија, а според која државите потписнички се должни да им ја обезбедат на ваквите институции потребната независност за ефикасно вршење на нивните функции, заштитени од било какви прекумерни влијанија, како и материјални услови и специјализиран кадар за вршење на нивните надлежности. Државната комисија за спречување на корупцијата истовремено непосредно е надлежна и за спроведувањето на Законот за спречување судир на интереси донесен во 2007 година, а согласно со Законот за лобирање има надлежност за вршење надзор над лобирањето во Република Македонија.

До 2011 година членовите на Државната комисија (во натамошниот текст ДКСК) кои ги наименува Собранието на Република Македонија ја извршуваа функцијата со непрофесионален статус. Со измените и дополнувањата на Законот за спречување на корупцијата што стапија во сила во месец ноември 2010 година, од месец април 2011 година функцијата член на ДКСК се извршува професионално согласно со препораките од Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2009 година. Наименувањето на сегашаниот состав на ДКСК беше на 6 април 2011 година. Бројот на членовите на ДКСК остана ист, што значи седум членови наименувани од Собранието на Република Македонија, со мандат од четири години, за разлика од претходниот кога мандатот беше пет години, а со измените е воспоставено право на повторно наименување, за разлика од претходниот период кога тоа не беше можно.

За поддршка на ДКСК функционира Секретаријат во кој се вработени 17 државни службеници задолжени за обавување на стручните, административните и техничките работи. Со оглед на надлежностите и обемот на работа на ДКСК бројот на вработените во Секретаријатот е во континуитет недоволен, така што е факт дека тоа не е без одраз врз севкупното работење на ДКСК, која води сметка за потребната рационализација на администрацијата, па сепак од објективни причини во актите за организација и систематизација има предвидено 41 работно место. Впрочем зајакнувањето на капацитетите на Секретаријатот на ДКСК е исто така препорака во извештаите на Европската комисија.

## I.2. БУЏЕТ НА ДКСК

ДКСК 2011 година ја започна со буџет во износ од 18.114,000 денари. Поради сериозен недостиг на средства за функционални потреби на ДКСК, во текот на месец септември 2011 година се воспостави комуникација со Министерството за финансии заради одобрување на дополнителни средства, што резултираше со измена и дополнување на Буџетот на РМ. Така, Буџетот на ДКСК во 2011 година се зголеми на 18.758,000 денари.

Ова зголемување беше направено на ставката 480-Купување опрема и машини, со што се создадоа услови за набавка на сервер и рутер како основни предуслови за воведување во системот на интероперабилност.




Крајната реализација на Буџетот на ДКСК за 2011 година изнесува 92%.




Тргнувајќи од својата континуирана потреба за зајакнување на видливоста и улогата на ДКСК што бара поголеми финансиски средства, ДКСК постојано работи на проекти за кои обезбедува респектибилни партнери кои што се подготвени да излезат во пресрет на ваквата потреба на ДКСК. На тој начин, во текот на 2011 година се обезбедени финансиски средства врз основа на потпишани договори за финансиска поддршка од страна на Кралството Норвешка и Велика Британија во вкупен износ од 1.524,908 денари. ДКСК за овие средства отвори две донаторски сметки, а средствата беа наменети за реализирање на претседавачката улога на ДКСК како претставник на Република Македонија во мрежата на експерти за интегритет (ИЕН) во која се вклучени 9 држави членки на РАИ, Република Словенија и Кралството Шпанија.

Во Буџетскиот циркулар за 2012 година, ДКСК поради реалните потреби за остварувањето на законските надлежности побара буџетски средства во износ од 28.603,000 денари, но во рамките на Буџетот на Република Македонија и е одобрен износ од 20.217,000 денари.

# II. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

## II.1. ДРЖАВНА ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И РЕПРЕСИЈА НА КОРУПЦИЈАТА И ДРЖАВНА ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И НАМАЛУВАЊЕ НА ПОЈАВАТА НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Законот за спречување на корупцијата и Законот за спречување на судирот на интереси како првопосочена и ексклузивна надлежност на ДКСК и го има доверено донесувањето на стратешките програмски документи во борбата против корупцијата и судирот на интереси во земјава. Во извештајната 2011 година се заокружи мандатниот период на претходно донесените Државни програми така што во месец декември по повеќемесечна подготовка беа донесени Државните програми, но по првпат како единствен заокружен документ за двете подрачја насловен како Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и Државна програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси со Акционен план 2011-2015 година. ДКСК е надлежна не само за донесување туку и за следење на остварувањето на Државната програма.

### II.1.1. ЗАОКРУЖЕНО СОГЛЕДУВАЊЕ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ДРЖАВНАТА ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И РЕПРЕСИЈА НА КОРУПЦИЈАТА 2007 – 2011

Во рамките на процесот на континуирано следење на остварувањето на Државната програма во текот на 2011 година се изготви финалниот документ „Оценка за остварувањето на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата 2007-2011", кој во месец април 2011 година беше усвоен од ДКСК.

### II.1.2. РАЗВИВАЊЕ И ДОНЕСУВАЊЕ НА НОВАТА ДРЖАВНА ПРОГРАМА СО АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ПЕРИОДОТ 2011-2015 ГОДИНА

Работата врз подготовката на новата Државна програма практично започна во месец јуни 2010 година кога во соработка со Секретаријатот за Европски Прашања и Министерството за правда започнаа потребните активности за донесување нови Државни програми за превенција и репресија на корупцијата и за превенција и намалување на појавата на судир на интереси, со обезбедена техничка поддршка на процесот на изготвувањето на програмите од Делегацијата на Европската Унија во Република Македонија и Канцеларијата на УНДП.

При изработката на Државните програми ДКСК се раководеше од анализите на спроведените активности од претходните Државни програми, изразени преку заклучоците и препораките од годишните конференции за оценка на

остварувањето на Државните програми. Исто така беа земени предвид препораките на ГРЕКО од третиот круг на евалуација, Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2010 година, Стратегијата за реформа на јавната администрација во Република Македонија 2010-2015 година, НПАА-Националната програма за приспособување со правото на Европската Унија за периодот 2011-2013 година, како и други документи што се однесуваат на борбата против корупцијата, намалувањето на судирот на интереси и јакнењето на индивидуалниот и институционалниот интегритет.

Во пристапот за изработка на Државните програми може да се согледа приспособување на планирањето на активностите кон реалната тежина на проблемот на корупцијата во општеството. Имено, Државната програма за првиот мандатен период беше фокусирана врз целината на системот, Државната програма за вториот мандатен период активностите ги димензионира врз шест столбови на системот на национален интегритет, а новата Државна програма оди чекор натаму во фокусирањето врз најизразените кризни жаришта на корупцијата кои во Програмата се означени како сектори во општеството со цел практично остварување на концептот на институционален и индивидуален интегритет. Овој процес на градење динамична методологија беше резултат колку на практично согледување во земјава, исто толку поттикнат од Европската комисија, акциониот план да се заснова на конкретизирање на сектори со висок степен на ризици за корупција и судир на интереси во секој од нив. ДКСК и овој пат го примени принципот на целосна партиципативност од сите општествени сегменти со цел обезбедување континуирана проактивност и во креирањето и во спроведувањето на Државната програма. Така како посебни сектори во Државната програма се утврдени:

1. **Политички сектор** со фокус на: изборите, политичките партии, финансирањето на политичките партии, финансирањето на изборните кампањи, лобирањето;
2. **Сектор-Правосудство** со фокус на: самостојност, независност, ефикасност и професионалност во правосудството;
3. **Сектор-Јавна администрација** со фокус на: поткажувачите (whistle blowing) и интегритетот;
4. **Сектор-Органи за спроведување на законот** со фокус на нивната самостојност, независност, ефикасност и професионалност и со фокус на ДКСК (анкетни листови, изјави за интереси и др);
5. **Сектор-Царина** со фокус на зајакнување на капацитетите на внатрешната контрола и креирање на систем на редовни и вонредни контроли и воведување систем за оценка на ризикот од појава на корупција во царинските служби;
6. **Сектор-Локална самоуправа** со фокус на: урбанизмот и градежништвото, издавањето на дозволи;

7. **Јавен сектор** со фокус на: јавните финансии, јавните добра и јавните набавки;
8. **Сектор-Здравство, труд и социјална политика** со фокус на: испорака на услуги, користењето на буџетските средства и јавните добра, т.н ситна корупција;
9. **Сектор-Образование и спорт** со фокус на: т.н. ситна корупција, учебникарството, непотизмот, користењето на буџетските средства и јавните добра;
10. **Приватен сектор** со фокус на: поттикнување на економски развој, зголемување на инвестициите, подобрување на бизнис климата и конкурентноста;
11. **Сектор-Медиуми и граѓанско општество** со фокус на: концентрација на сопственоста, поврзаноста на медиумите и граѓанските организации со политиката и други центри на моќ.

Во акциониот план утврдени се вкупно 51 проблем/ризичен фактор, 156 активности, околу 200 носители надлежни за реализација на активностите, 220 индикатори на активност и 156 индикатори на ефективност, што значи маркирани се ризиците, утврдени се конкретните чекори и обврзаните субјекти за нивно спроведување при што реализацијата ќе ја следи ДКСК низ посебна методологија на прибирање податоци, нивно сумирање и анализа. Тоа ќе овозможи во континуитет да се контролира степенот на реализација на Државната програма и ефектите од неа. Новата Државна програма има уште една значајна димензија за да се поттикне практичната борба против корупцијата и судирот на интереси, а тоа е можноста во зависност од согледаниот степен на реализација на планираното да се интервенира тековно во Државната програма.

Во сето ова треба да се потенцира дека ДКСК одржа 3 дводневни работилници за утврдување на методологијата, 21 целодневни работни сесии со учество на ангажираните експерти и организира исто толку работилници со преку 300 партиципиенти, претставници од сите сегменти вклучени во процесот.

На 9-ти декември 2011 година во Скопје, на Меѓународниот ден за борба против корупцијата, пред претставниците од државните институции, невладиниот и приватниот сектор, медиумите и претставниците од меѓународните организации, ДКСК ја промовираше Државната програма со Акциониот план 2011-2015 година. Државната програма е објавена и на веб страницата на ДКСК.

## II.2. ПОСТАПУВАЊЕ ВО СПРЕЧУВАЊЕТО НА КОРУПЦИЈАТА

ДКСК има посебна позиција и улога на превентивен и репресивен план во борбата против корупцијата што ги остварува согласно со законски утврдените надлежности, како на планот на детектирање на појавите и случаите на корупција и нивно соодветно процесуирање, така и на планот на подобрување на нормативниот амбиент во земјава, зајакнување на ефикасната меѓуинституционална соработка вклучително и на планот на создавање активна јавна свест за немирење со корупцијата, нејзино препознавање и вклучување на сите субјекти во општеството во совладувањето на ова општествено зло.

Работата по конкретни појави и случаи на корупција ДКСК ја остварува самоиницијативно, но во голема мерка и со непосредно учество на граѓаните и правните субјекти кои до ДКСК поднесуваат свои пријави по кои ДКСК постапува утврдувајќи ги фактите и преземајќи законски иницијативи и мерки.

Така во периодот јануари-декември 2011 година до ДКСК се доставени пријави од граѓани, институции и други субјекти и се отворени самоиницијативно вкупно 908 предмети, од кои 641 предмет се однесуваа на предвремените парламенетарни избори. Во извештајната година беше постапено по вкупно 1357 предмети, од кои 1157 се решени.

### II.2.1. ПОСТАПУВАЊЕ ВО СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ПОЛИТИКАТА ВО ВРСКА СО ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ

2011 година беше година на предвремени парламентарни избори во Република Македонија така што ДКСК спроведувајќи ги своите законски надлежности од Законот за спречување на корупцијата - главата Спречување на корупција во политиката изработи 641 предмет.

Имено на 15 април 2011 година беа распишани предвремени парламентарни избори што се одржаа на 5 јуни 2011 година. ДКСК во предизборниот и изборниот период кој што започнува со чинот на распишување на изборите, а завршува со изборот на Владата на РМ, во конкретниот случај до 28 јули 2011 година, своите нагласени надлежности во Законот за спречување на корупцијата и во Изборниот законик ги оствари крајно ажурно и ефикасно приспособувајќи се на динамиката во спроведувањето на целиот изборен процес.

Конкретното постапување на ДКСК значеше дека од вкупно 641 одработен предмет, 480 предмети се однесуваа на барања мислења, доставени од Владата на Република Македонија, министерствата, градот Скопје, општините, како и од институциите кои се буџетски корисници, по прашања за користење и располагање со јавните средства и добра. Државните органи и другите институции беа упатени

за користењето и располагањето со јавните средства и добра да обезбедат претходно мислење од ДКСК.

Воедно, ДКСК во изборниот период по сопствена иницијатива, секогаш кога ќе констатираше дека е распишан оглас за вработување или јавен оглас за јавна набавка од институциите, обезбедуваше податоци за тоа дали тие вработувања или јавни набавки се опфатени во годишните планови за тековната година и дали за нив се обезбедени финансиски средства и при тоа реагираше доставувајќи 161 укажување до разни институции со барање за запирање на постапките и обврска да информираат дека постапиле по даденото укажување. Ефикасно беше затворен вентилот на нови вработувања со тоа што Агенцијата за вработување на РМ не можеше да врши пријава на нови вработувања без претходна согласност од ДКСК.

Во врска со предвремените парламентарни избори 2011, покрај предметите од областа на спречувањето на корупцијата во политиката според Законот за спречување на корупцијата, ДКСК работеше и врз спроведување на Изборниот законик фокусирајќи се на режимот за финансирање на изборите и на изборната кампања утврдени во овој законик.

ДКСК крајно совесно пристапи кон прибирањето и разработката на финансиските извештаи на организаторите на изборната кампања за првата и втората половина од изборната кампања, како и по конечените финансиски извештаи и по прв пат на финансиските извештаи на медиумите. ДКСК констатира дека овие новини во изборната регулатива за давање периодични и медиумски извештаи, кои ДКСК веднаш ги објавуваше на својата веб страница, овозможи далеку поуспешно од сите претходно изборни циклуси да се направи увид во висината на средствата за изборите, наменското трошење, легалноста на изворите на финансирање, донациите и попустите и истите да ги спореди со режимот што произлегува од законот. При тоа ДКСК не констатира злоупотреба на буџетски средства, јавни фондови и средства од јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал, но се осведочи во сериозни прекршувања на прописите и нерегуларности поради што самоинцијативно и по прв пат од нејзиното постоење се определи да подготви посебен пишан документ – Информација за примената на законските прописи во предвремените парламентарни избори 2011 во врска со прашања за кои е надлежна ДКСК што ја достави до Собранието на Република Македонија со цел непосредно запознавање на пратениците со согледаните факти и состојби. ДКСК при тоа изработи заклучоци и препораки за да придонесе практичните неповолни искуства да се пресретнат во идните изборни циклуси со соодветни интервенции во регулативата.

Што се однесува до непосредната примена на законските норми во конкретни случаи, постапувајќи пред се согласно со членот 49 став 1 од Законот за спречување на корупцијата, членот 80 став 1 и 2 од Законот за прекршоците и членот 188-а од Изборниот законик, ДКСК поднесе барање за поведување прекршочна постапка против 4 организатори на изборна кампања затоа што истите

не доставија финансиски извештај за приходите и расходите на жиро сметката за изборна кампања за втората половина од изборната кампања. Барањата за поведување прекршочна постапка се поднесени до Основниот суд Скопје I - Скопје и судската постапка по истите е во тек.

Како резултат на практичното постапување во непосредната примена на законите ДКСК достави 3 иницијативи за поведување постапка за кривично гонење до Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Јавниот обвинител на РМ против организатор на изборна кампања и одговорни лица на правни лица кои вршат дејност-емитување на телевизиска програма, заради постоење основано сомневање дека сториле кривично дело Злоупотреба на средства за финансирање на изборна кампања.

**1**. Постапувајки согласно со своите надлежности утврдени во член 49 став 1 алинеа 6 од Законот за спречување на корупцијата, Изборниот законик на Република Македонија и Законот за финансирање на политичките партии, Државната комисија за спречување на корупцијата до ОЈО за ГОКК и до Јавниот обвинител на Република Македонија достави Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на организаторот на изборната кампања на коалицијата предводена од СДСМ поради основано сомневање за сторено кривично дело Злоупотреба на средства за финансирање на изборната кампања од членот 165-а став 1 од Кривичниот Законик на Република Македонија. Оваа иницијатива произлезе од постапувањето во предизборниот период и за време на изборниот период врз основа на податоците од Финансиските извештаи за приходите и расходите на наменската жиро сметка за изборната кампања на коалицијата и обезбедените информации и документи за утврдување на фактичката состојба.

Забелешка: Постапката е во тек

**2.** Постапувајки согласно со своите надлежности утврдени во член 49 став 1 алинеа 6 од Законот за спречување на корупцијата, Изборниот законик на Република Македонија и Законот за финансирање на политичките партии, Државната комисија за спречување на корупцијата до ОЈО за ГОКК и до Јавниот обвинител на Република Македонија достави Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на одговорното лице - управител со неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет на правното лице А1 ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, поради основано сомневање дека има сторено кривично дело Злоупотреба на средства за финансирање на изборната кампања од членот 165-а став 2 и став 3 од Кривичниот Законик на Република Македонија. Делото е сторено со злоупотреба на своето законско овластување преку давање непотполни и неточни податоци за дадени донации и со обезбедување недозволени средства за изборна кампања.

Забелешка: Постапката е во тек

**3**. Постапувајки согласно со своите надлежности утврдени во член 49 став 1 алинеа 6 од Законот за спречување на корупцијата, Изборниот законик на Република Македонија и Законот за финансирање на политичките партии, Државната комисија за спречување на корупцијата до ОЈО за ГОКК и до Јавниот обвинител на Република Македонија достави Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на лицето на одговорното лице - управител со неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет на правното лице ПЛУС ПРОДУКЦИЈА ДООЕЛ Скопје, поради основано сомневање дека има сторено кривично дело Злоупотреба на средства за финансирање на изборната кампања од членот 165-а став 2 и став 3 од Кривичниот Законик на Република Македонија, преку давање непотполни и неточни податоци за дадени донации и со обезбедување недозволени средства за изборна кампања.

Забелешка: Постапката е во тек

## II.2.2. СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ВРШЕЊЕТО НА ЈАВНИ ВЛАСТУВАЊА И РАБОТИТЕ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС

Во периодот јануари - декември 2011 година до ДКСК, се доставени вкупно 267 пријави од страна на граѓани, институции и други субјекти за сомневања за случаи на корупција. Во наведениот период ДКСК постапуваше по ново добиените предмети и веќе отворените постапки од претходниот период така што е работено вкупно врз 716 предмети од областа на спречувањето на корупцијата. Од нив, решени се вкупно 516 предмети.

ДКСК по секоја од поднесените пријави и сознанија за сомнителни случаи за корупција ја утврдува фактичката состојба како би можела да ги преземе процесните алатки што и стојат на располагање според законот, обезбедувајќи при тоа неопходни информации и документи од релевантни субјекти. Може да се констатира дека во најголем дел институциите ажурно одговораат на Државната комисија што овозможува поефикасно целосно постапување. Факт е истовремено дека ДКСК особено внимание обрнува на извешатите на Државниот завод за ревизија, како на оние што ДЗР самоинцијативно и ги доставува така и на извештаите што се објавуваат на веб страницата на ДЗР. Истовремено во изминатата година со цел аргументираност на иницијативите за поведување постапки пред надлежните органи ДКСК во повеќе случаи има барано произнесување на внатрешната ревизија во соодвените институции кои постапуваат по овие барања, но треба да се има предвид дека внатрешената ревизија нема надлежност за вршење финансиска контрола што има неповолна рефлексија врз целосното утврдување на фактичката состојба.

Од практичното постапување по конкретни предмети и случаи може да се констатира дека граѓаните како подносители на пријавите најчесто укажуваат на свои сомневања за корупција во судските постапки, во постапките од областа на урбанизмот и градежништвото, постапките за вработувања и остварување на своите права пред органите на централната и локалната власт, а како постојано актуелна област од аспект на сомневања за корупција се постапките и реализацијата на јавните набавки. Карактеристично е што во предметите за судските постапки незадоволството е изразено пред се од содржината на судската одлука, а во другите области има повисок степен на основаност за сторена корупција.

| О Б Л А С Т | РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ |
|---|---|
| СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ВРШЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ОВЛАСТУВАЊА | 143 |
| СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС | 201 |
| ПРАВОСУДСТВО | 110 |
| СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ПОЛИТИКАТА | 1 |
| ДРУГИ ПРЕДМЕТИ | 61 |
| ВКУПНО | **516** |

## II.2.3. ПОКРЕНАТИ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКИ

### ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКИ ЗА КРИВИЧНО ГОНЕЊЕ

Согласно со надлежностите утврдени во членот 49 став 1 алинеа 6 од Законот за спречување на корупцијата според кој во кривично-правната област ДКСК има иницијална улога за поведување постапка за кривично гонење на избрани или наименувани функционери, службени лица или одговорни лица во јавни претпријатија, јавни установи и други правни лица што располагаат со државен капитал, ДКСК до Јавното обвинителство на Република Македонија поднесе 13 (тринаесет) иницијативи за кривично гонење и тоа 9 (девет) иницијативи во областа на спречувањето на корупцијата во вршењето на јавните овластувања, 1 (една) иницијатива од областа на спречувањето на корупцијата во вршењето работи од јавен интерес и 3 (три) од областа на спречување на корупцијата во политиката (посочени во делот изборни предмети).

**1.** Постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, ДКСК до Јавниот обвинител на Република Македонија достави Иницијатива за поведување постапка

за кривично гонење на поранешниот директор на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност–Скопје, лицето Бошко Нелкоски, бидејќи постои основано сомневање дека во периодот 2008 – 2009 година сторил кривични дела Злоупотреба на службена положба и овластување од член 353 став 1 и став 5 и Несовесно работење во службата од член 353-в од Кривичниот Законик на Република Македонија затоа што при раководењето со Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, при располагањето со средствата и спроведувањето на постапките за јавни набавки на Националната Агенција постапувал спротивно на своите службени овластувања и не обезбедил правилно и законито користење на средствата на Националната агенција и воедно при изборот на крајни корисници на програмите кои ги остварува Националната агенција, со повреда на прописите за судир на интереси несовесно постапувал во вршењето на своите овластувања и должности и притоа за себе или за друг прибавил имотна корист.

Забелешка: Постапката е во тек во Јавното обвинителство на РМ

**2.** Постапувајќи по предмет оформен во врска со претходен конечен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Државниот завод за индустриска сопственост за 2007 година, ДКСК до Јавното обвинителство достави Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на лицето Бајрам Амети поранешен директор на Државниот завод за индустриска сопственост и на други службени лица од Државниот завод за индустриска сопственост бидејќи постои основано сомневање дека во 2005 година и во текот на 2007 година се сторени кривични дела Злоупотреба на службена положба и овластување од член 353 став 1 и став 5 и Несовесно работење во службата од член 353-в од Кривичниот Законик на Република Македонија затоа што при раководењето со Државниот завод за индустриска сопственост, при располагањето со средствата и спроведувањето на постапките за јавни набавки е постапувно спротивно на службените овластувања и не е обезбедено правилно, наменско и законито користење на средствата на Државниот завод за индустриска сопственост, како и затоа што со повреда на прописите за судир на интереси е постапувано несовесно во вршењето на службените овластувања и должности и притоа за себе или за друг е прибавена имотна корист.

Забелешка: Известување од Јавното обвинителство на РМ дека Иницијативата е доставена на надлежност на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје

**3.** Постапувајќи по предмет оформен во врска со Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2008 година на Јавното претпријатие за

комунална дејност Охридски Комуналец – Охрид, ДКСК до Јавниот обвинител на Република Македонија достави Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на службени лица: Боро Павловски вршител на должност директор во периодот од 16.05.2005 до 04.05.2009 година и други службени лица на Јавното претпријатие за комунална дејност Охридски Комуналец – Охрид, бидејќи постои основано сомневање дека во текот на 2008 година сториле кривични дела Злоупотреба на службена положба и овластување од член 353 став 3 и став 5 во врска со став 1 од Кривичниот Законик на Република Македонија со тоа што при раководењето и управувањето со јавното претпријатие и при располагањето со средствата на претпријатието, во спроведувањето на постапките за јавни набавки ја злоупотребиле својата службена положба и овластувањата и не обезбедиле законито користење на средствата на истото и притоа, за себе или за друг, прибавиле значителна имотна корист, а на претпријатието му нанеле значителна штета.

Забелешка: Постапката е во тек во Јавното обвинителство на РМ

**4.** Постапувајќи по предмет оформен во врска со Конечниот извештај на Државниот завод за ревизија за извршена ревизија на финансиските извештаи на општина Желино – сметка на огранот, за 2009 година ДКСК покрена Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на службени лица – Ќенан Алиу градоначалник на општина Желино до 13.04.2009 година, Фатмир Изаири градоначалник на општина Желино од 14.04.2009 година и други службени лица од општината Желино одговорни за спроведување на постапките за јавни набавки поради основано сомневање дека во периодот 2004-2009 година, при застапувањето и претставувањето на општината, при располагањето со средствата на општината и при спроведувањето на постапките за јавни набавки не обезбедиле правилно и законито користење и заштита на средствата сопственост на општината и притоа за себе или за друг прибавиле имотна корист со што сториле кривични дела Злоупотреба на службена положба и овластување од член 353 став 3 и став 5 во врска со став 1 од Кривичниот Законик на Република Македонија и Несовесно работење во службата од член 353-в од Кривичниот Законик на Република Македонија.

Забелешка: Известување на ОЈО за ГОКК – Скопје дека Иницијативата е отстапена на надлежно постапување на ОЈО Тетово

**5.** Постапувајќи по предмет оформен во врска со Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2008 година на Јавното претпријатие за комунални работи „Комуналец" Кавадарци ДКСК до Јавниот обвинител на Република Македонија достави Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на службени лица : Јордан Милков директор во периодот од 13.11.2006 до

25.06.2009 година и други службени лица на Јавното претпријатие за комунални работи „Комуналец„ Кавадарци поради основано сомневање дека во текот на 2008 година сториле кривични дела Злоупотреба на службена положба и овластување од член 353 став 3 и став 5 во врска со став 1 од истиот член од Кривичниот Законик на Република Македонија и Несовесно работење во службата од член 353-в од Кривичниот Законик на Република Македонија со тоа што при раководењето и управувањето со јавното претпријатие кое врши дејност од јавен интерес, при располагањето со средствата на претпријатието и во спроведувањето на постапките за јавни набавки ја злоупотребиле својата службена положба и овластувањата и не обезбедиле законито користење и заштита на средствата и на имотот на истото и притоа, за себе или за друг, прибавиле значителна имотна корист, а на претпријатието му нанеле значителна штета.

Забелешка: Постапката е во тек во Јавното обвинителство на РМ

**6**. Постапувајќи по предмет оформен во врска со Конечни извештаи на Државниот завод за ревизија за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година кај ДСД „Томе Стефановски – Сениќ"- Скопје, ДКСК до ОЈО ГОКК достави Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на лицата Рамазан Шаќири, директор во периодот од 27.02.2008-07.12.2009 година и д-р Исмаил Абази, ВД директор во периодот од 07.12.2009 до 17.04.2010 година кога бил именуван и за директор, како одговорни лица во Државниот студентски дом „Томе Стефановки – Сениќ" – Скопје, поради основано сомневање дека во периодот 2008 - 2009 година сториле кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување од член 353 став 3 в.в. со став 1 од Кривичниот Законик на Република Македонија. Именуваните лица, при застапувањето и претставувањето на Државниот студентски дом, при располагањето со средствата на Државниот студентски дом и при спроведувањето на постапките за јавни набавки, не обезбедиле законито користење и заштита на средствата сопственост на јавната установа и притоа е направена значителна штета на јавната установа и е создадена можност за прибавување имотна корист за себе или за друг.

Забелешка: Постапката е во тек во ОЈО- ГОКК Скопје

**7.** Постапувајќи по предмет оформен врз основа на пријава за незаконитости во работењето на правното лице Работнички Универзитет Кочо Рацин - Скопје, ДКСК до Јавниот обвинител на Република Македонија достави Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на одговорните лица на Работничкиот Универзитет Кочо Рацин - Скопје

1. Јордан Ангеловски - директор и
2. Миле Стоилковски - секретар

и тоа :

- првонаведениот, затоа што при вршењето на својата службена должност и злоупотребувајќи ја истата не го регулирал престанокот на својот работен однос поради возраст – наполнети 64 години возраст и над 15 години пензиски стаж. При тоа, именуваниот кој со функцијата ВД Директор се стекнал во 2004 година на истата останал по повеќекратно надминување на законскиот рок, дотолку повеќе по извршениот инспекциски надзор во 2009 година свесно го игнорирал Решението на Државниот инспекторат за труд со кое на правното лице со кое тој раководел му било наредено да го регулира престанокот на работниот однос на директорот. Со цел да го задржи таквиот статус ВД Директорот Јордан Ангеловски се запишал во Централниот регистар на Република Македонија како директор на Работничкиот Универзитет, со неограничени овластувања, и при тоа во сите години располагал со средствата на Универзитетот и со имот сопственост на Република Македонија, а за себе остварувал противправна имотна корист ,

- второнаведениот Миле Стоилковски, како секретар на Работничкиот Универзитет затоа што при вршење на својата должност не ги превземал потребните мерки за законито работење и постапување на Работничкиот Универзитет вклучително и за регулирање на работниот статус на првонаведениот со што му овозможил прибавување на имотна корист поради што постои основано сомневање дека сторил кривични дела Злоупотреба на службена положба и овластување од член 353 став 1 и став 5 и Несовесно работење во службата од член 353-в од Кривичниот Законик на Република Македонија.

Забелешка: Постапката е во тек во Јавното обвинителство на РМ

**8.** Постапувајќи по предмет оформен врз основа на пријава во која се укажува на незаконитости во користењето на финансиски средства, за изградба на локален цевковод, од страна на општината Богданци, ДКСК покрена Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на одговорното лице Ѓорѓе Петрушев, поранешен градоначалник на општина Богданци.

Постои основано сомневање дека во периодот од 2003 до 2008 година како градоначалник на општина Богданци – лицето Ѓорѓе Петрушев сторил кривични дела Злоупотреба на службената положба и овластувањата од член 353 став 5 во врска со став 1 од истиот член и Несовесно работење во службата од член 353-в од Кривичниот Законик на Република Македонија со тоа што во застапувањето и претставувањето на општината и при располагањето со средствата одобрени од Бирото за стопански недоволно развиени подрачја ( сега Биро за регинален развој) - како неповратно учество во финансирањето на изградбата на локален цевковод за н.м. Стојаково, општина Богданци не обезбедил законито користење и заштита на средствата, при што именуваниот надредувајќи го личниот или интересот на друго

лице над јавниот интерес за себе или за друг прибавил значителна имотна корист нанесувајќи им значителна штета на буџетските средства.

Забелешка: Постапката е во тек во Јавното обвинителство на РМ

**9.** Постапувајќи по предмет кој се однесува на неправилно вработување на директорот на ЈКП „Долнени" - Долнени во 2005 година, ДКСК достави Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на лицето Велески Владо, директор на ЈКП „Долнени" – Долнени, поради постоење основано сомневање дека сторил кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување по член 353 и Несовесно работење во службата по член 353-в од Кривчниот законик на Р.Македонија. Именуваното лице во својство на директор на ЈКП „Долнени" – Долнени, избран со мандат од четири години, ја искористил својата службена положба и во почетокот на 2005 година донел одлука за распишување на оглас за вработување со кој се самовработил во редовен работен однос во Јавното комунално претпријатие на работно место технички директор, со што постапил несовесно во вршењето на своите овластувања и спротивно на законските прописи за спречување на судир на интересите и притоа прибавил корист за себе, а на штета на Јавното комунално претпријатие.

Забелешка: ОЈО Прилеп известува дека по собрани известувања е донесено решение за отфрлање на кривичната иницијатива

**10**. Постапувајќи по предмет, оформен по претставка, во која се укажува на незаконитости при донесување на решение за локациски услови и издавање на одобрение за градба на семејна куќа, до Јавното обвинителство на Република Македонија достави иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на одговорни и службени лица од локалната самоуправа Кисела Вода, овластени за водење постапки согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање и Законот за градење, бидејќи постои основа за сомневање дека сториле кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 став 3 в.в. со став 1 од Кривичниот законик, затоа што ја искористиле службената положба и овластување на начин што донеле решение за локациски услови и издале одобрение за градење спротивно на деталниот урбанистички план со што му овозможиле на градителот „Адора-Инженеринг" ДООЕЛ Скопје да прибави значителна корист.

Забелешка: Постапката е во тек во Јавното обвинителство на РМ

## ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ДРУГИ ВИДОВИ ОДГОВОРНОСТ

Согласно со надлежностите утврдени во членот 49 став 1 алинеа 5 од Законот за спречување на корупцијата, според кој ДКСК покренува иницијатива за поведување постапка пред надлежните органи за разрешување, распоредување, сменување или примена на други мерки на одговорност на избрани или наименувани функционери, службени лица или одговорни лица во јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал, Државната комисија до надлежните органи поднесе 3 (три) иницијативи за разрешување на наименувани функционери.

**1.** Постапувајќи по предмет оформен по претставка, во која се укажува на незаконитости во работењето на директорот на Основното училиште „Гоце Делчев" Тетово Цветко Видоески до Градоначалникот на општина Тетово покрена иницијатива за поведување постапка за разрешување на директорот на ОУ „ Гоце Делчев" Тетово Цветко Видоески, затоа што спротивно на одредбите од Законот за работни односи донел Одлука за откажување на договор за вработување на определено работно време, склучен со работникот Катарина Ќирова, поради што истата одлука, со правосилна пресуда на Основен суд Тетово потврдена со пресуда на Апелациониот суд Гостивар, е поништена, а правното лице и именуваниот како одговорно лице во правното лице, со пресуда на Основен суд Тетово, се осудени за сторено кривично дело „Повреда на правата од работен однос " по член 166 став 1 и 2 од КЗ.

Забелешка: Постапката е во тек

**2.** Постапувајќи по предмет, оформен по претставка во која се укажува на недомаќинско работење на директорот на Јавното претпријатие „Македонски шуми"-Скопје Жарко Караџоски, до Владата на Република Македонија покрена Иницијатива за поведување постапка за разрешување на именуваниот поради незаконско, неекономично, несовесно и неодговорно располагање со финансиските средства доверени-ставени на располагање во врска со вршењето на функцијата при што нанел штета на истите и овозможил прибавување финансиска корист за себе и за друг.

Забелешка: Постапката е во тек

**3.** Иницијатива за разрешување на одговорното лице, Јордан Ангеловски - директор на правното лице Работнички Универзитет Кочо Рацин Скопје поради непостапување по Решение на Државниот инспектор за труд во смисла на отстранување на неправилности утврдени при вршењето на надзорот, кои се

состојат во непочитување на одредбите на Законот за работни односи во делот на престанок на работен однос поради возраст - наполнети 64 години возраст и 15 години пензиски стаж - како и поради повеќекратно надминување на законскиот рок од шест месеци за вршење на функцијата вршител на должноста директор на Работничкиот Универзитет Кочо Рацин – Скопје.

Забелешка: Постапено е по иницијативата, именуваниот веќе не ја врши функцијата.

## II.3. ПОСТАПУВАЊЕ ПО АНКЕТНИ ЛИСТОВИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ИМОТНАТА СОСТОЈБА

Согласно со членот 33 од Законот за спречување на корупцијата во извештајната 2011 година до ДКСК се доставени 346 нови анкетни листови од избрани или наименувани лица, 132 анкетни листови по престанок на функцијата, 93 известувања за промена на функцијата и 94 за повторен избор. Во истиот овој период добиени се 235 пријави за промена на имотната состојба согласно со членот 34 од законот во кој е пропишана обврската во текот на извршувањето на функцијата да се пријави секое зголемување на имотот чија вредност го надминува износот од 20 просечни нето плати, исплатени во претходниот тримесечен период.

ДКСК согласно со законските надлежности, против 11 избрани и наименувани функционери до надлежниот суд поднесе барања за поведување прекршочни постапки поради недоставување анкетен лист. Во овој период по овие и по претходно поднесените барања, судовите донеле 17 одлуки од кои: во 10 случаи е изречена парична казна, во 1 случај прекршочна опомена, во 2 случаи барањето е отфрлено, а во 4 случаи настапила апсолутна застареност за водење на прекршочната постапка. Јавното објавување на веб страницата на ДКСК на имињата на лицата што не поднеле анкетен лист, придонесе во последните две години да се намали бројот на лица кои не поднеле анкетен лист, а со тоа се намали и бројот на поднесените барања за поведување прекршочна постапка.

ДКСК има тешкотии со обезбедување на основни податоци (ЕМБГ и адреса на живеење) за функционерите кои не поднеле анкетен лист, за кои треба да се поднесе прекршочна пријава. За надминување на овој проблем е предвидена конкретна активност во Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси 2011-2015, со измена на Законот за спречување на корупцијата во насока на воведување регистер на функционерите, а обврската за доставување на податоците до ДКСК би ја имале институциите во кои се избрани или наименувани функционерите.

Согласно со Законот за спречување на корупцијата ДКСК има надлежност да ја евидентира и следи имотната состојба и промените на имотната состојба на избраните и наименуваните лица. Во практиката во изминатиот период се покажа

потребата од проверка на податоците дадени во анкетните листови кои често се разликуваа од фактичката состојба на имотот, што е законска основа ДКСК да иницира прекршочна постапка и постапка за испитување на имотот и имотната сосостојба која се води од страна на УЈП. Потребата за проверка на податоците беше сугерирана и во Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија во 2010 година каде е потенцирано дека "анкетните листови не се правилно и суштински проверени", поради што во текот на 2011 година беа преземени интензивни и конкретни активности за подобрување на процедурите за проверка и следење на имотната состојба на избраните и наименувани функционери. Како прво беа остварени работни средби со претставници од: Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за катастар на недвижности, Централниот регистар, Централниот депозитар за хартии од вредност и Управата за јавни приходи. На овие средби се договорени начинот и постапката за добивање на податоци со кои располагаат наведените институции, а истите се потребни за споредување со податоците дадени во анкетните листови. За да биде ефективна и брза споредбата на податоците се формираа и работни тимови, а со Централниот регистар е склучен договор со кој ДКСК има пристап до нивната база на податоци. ДКСК согласно со пропишаните "Критериуми за начинот за определување на анкетни листови кои ќе бидат предмет на проверка", донесе заклучок во 2011 година предмет на следење да бидат анкетни листови на носители на јавни функции од законодавната, извршната и судската власт и ги определи конкретните ID броеви од базата на податоци. Предмет на следење беа: 9 анкетни листови од 122 носители на јавни функции од законодавната власт, 28 анкетни листови од 124 носители на јавни функции од извршната власт и 89 анкетни листови од 913 носители на јавни функции од судската власт. По извршената споредба на податоците од анкетните листови со податоците добиени од другите надлежни институции е изготвена детална информација во која ДКСК констатира дека 3 носители на јавна функција од извршната власт и 26 носители на јавна функција од судската власт дале непотполни податоци во анкетниот лист и не пријавиле промена на имотот и на имотната состојба, поради што до Управата за јавни приходи се поднесени барања за испитување на имотот и имотната состојба.

Освен овие 29 барања, во извештајната 2011 година ДКСК постапувајќи по конкретни предмети до Управата за јавни приходи согласно со членот 36 поднесе уште 19 барања за поведување постапка за испитување на имотот и имотната состојба и тоа во 15 случаи поради неподнесување анкетен лист и во 4 случаи поради давање непотполни и невистинити податоци.

Во истиот период ДКСК доби 54 известувања од Управата за јавни приходи дека по спроведената постапка, во 44 случаи донела заклучоци за запирање на постапката, бидејќи е утврдено дека лицата против кои е поведена постапката се немаат стекнато и не поседуваат имот кој е поголем од оданочените приходи, односно имотот кој го поседуваат потекнува од приходи кои биле предмет на

оданочување и претставува легално стекнат имот, а во 10 случаи се донесени решенија за задолжување со персонален данок на доход по основ непријавени неоданочени приходи во вкупен износ од 7.104.436,00 денари.

### Преглед на донесени решенија по член 36

| ред бр. | функција | институција | утврден данок (во денари) |
|---|---|---|---|
| 1 | поранешен судија | Основен суд Велес | 515.334,00 |
| 2 | судија | Основен суд Кавадарци | 474.153,00 |
| 3 | градоначалник | Општина Кратово | 1.311.164,00 |
| 4 | поранешен директор | Национална агенција за европски образовни програми и мобилност | 790.122,00 |
| 5 | поранешен пратеник | Собрание на Република Македонија | 795.380,00 |
| 6 | поранешен директор | Управа за наменско производство | 315.729,00 |
| 7 | поранешен градоначалник | Општина Македонска Каменица | 1.069.598,00 |
| 8 | поранешен градоначалник | Општина Кавадарци | 707.402,00 |
| 9 | секретар | Работнички универзитет “Кочо Рацин“ Скопје | 868.108,00 |
| 10 | поранешен градоначалник | Општина Старо Нагоричане | 257.446,00 |
| **ВКУПНО** | | | **7.104.436,00** |

Позитивните резултати од следењето на анкетните листови се регистрирани во Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија во 2011 година. Имено во заклучоците за Поглавјето 23 Правосудство и фундаментални права е наведено: “Постигнат е ограничен напредок во антикорупциската политика. Продолжува усогласувањето на законодавството и започна систематската проверка на анкетните листови од страна на ДКСК.“

И во 2011 година согласно со членот 13 од Правилникот за начинот на постапување со анкетните листови за службените лица, државните органи, единиците на локалната самоуправа и правосудните органи до ДКСК ги доставија

полугодишните прегледи за состојбата со поднесените анкетни листови на нивните вработени.

ДКСК континуирано ги обработува новите анкетни листови и ги ажурира измените на податоците за имотната состојба така што на својата веб страница (www.dksk.org.mk) во 2011 година ги објави податоците од сите 2785 анкетни листови на актуелните функционери, согласно со членот 35 од законот, а во базата на податоци се внесени сите 3426 анкетни листови кои се поднесени од 2003 година па наваму.

## II.4. МИСЛЕЊА ПО ПРЕДЛОГ ЗАКОНИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА И СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ

Превентивната улога на ДКСК во областа на подобрувањето на законодавството од антикорупциски аспект е давањето мислења по предлог закони по барање на овластените предлагачи, а со цел за произнесување на ДКСК за прашања што би можеле да се однесуваат на корупцијата и судирот на интереси како и на нивното пресретнување и санкционирање.

Во текот на извештајната година дадени се мислења по:

- Предлог Закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон
- Предлог Закон за изменување и дополнување на законот за градење
- Предлог на законот за постапување со бесправно изградени градби
- Предлог на законот за изменување и дополнување на законот за просторно и урбанистичко планирање
- Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за управување со пакување и отпад од пакување
- Предлог Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема

ДКСК во континуитет со свои преставници е вклучена во работните групи за подготовка на новите закони или законски измени од областите битни за борба против корупцијата и судирот на интереси. Така во 2011 година посебен ангажман на овој план е остварен во врска со иновирањето на Изборниот законик, Законот за финансирање на политичките партии и на Законот за спречување судир на интереси.

# III. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

## III. 1. ДРЖАВНА ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И НАМАЛУВАЊЕ НА ПОЈАВАТА НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Законот за спречување судир на интереси во членот 21 став 1 алинеја 1 на ДКСК и го доверува во надлежност донесувањето на основниот стратешки документ – Државна програма со Акционен план за превенција и намалување на појавата на судирот на интереси што е надлежност исклучиво на ДКСК како носечко тело во земјата за спречување на судирот на интереси. Во поглавјето Државна програма со Акционен план 2011-2015 во овој извештај е посочено дека ДКСК во извештајната 2011 година и за подрачјето корупција и за подрачјето судир на интереси донесе единствен документ во кој почитувајќи го словото на Законот за спречување на корупцијата и на Законот за спречување судир на интереси активностите од двете области ги прикажа одвоено во рамките на единствената Државна програма за спречување на овие општествено штетни појави во претстојниот мандатен период, дотолку повеќе што е факт дека се работи за сврзани општествени феномени.

## III. 2. ПОСТАПУВАЊЕ ВО ОБЛАСТА НА СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ

ДКСК во текот на 2011 година, согласно со своите законски надлежности што произлегуваат од Законот за спречување судир на интереси, постапуваше по предмети од областа на судирот на интереси оформени по пријави добиени од службени лица и од други заинтересирани лица, иницирани по службена должност од ДКСК како и по анонимни пријави.

Вкупниот број на ново оформени предмети во 2011 година е 78.

ДКСК во текот на годината реши вкупно 128 предмети. Од предметите по кои постапи во овој период ДКСК во 37 предмети констатира постоење на состојба на судир на интереси, од кои во 8 предмети на службените лица им е изречена мерката јавна опомена поради непостапување по барањата и укажувањата на ДКСК.

Најголемиот број од предметите по кои е постапувано во 2011 година и натаму го одразува трендот од претходните години во кои судирот на интереси најчесто се изразува преку кумулација на функции кај носителите на јавните функции што е спротивно на законот особено со оглед на фактот што со обавувањето на повеќе функции се концентрира превисока општествена моќ кај поединци и при тоа се остваруваат приходи по неколку основи. Според

статистиката на ДКСК оваа појава е најмасовна во општините и тоа кај членовите на советите на општините со истовременото вршење на директорски функции во јавни претпријатија и установи.

Од презентираните податоци може да се констатира дека во извештајната 2011 година продолжува трендот на почитување на укажувањата и барањата на ДКСКС, односно доброволно откажување на службените лица од една од функциите која ја извршуваат со што ја надминале состојбата на судир на интереси.

ДКСК констатира дека судирот на интереси предизвикува се поголемо внимание во јавниот живот и меѓу граѓаните. Едновремено е неспорна околноста дека е зголемена свеста и одговорноста кај носителите на јавни функции да ја избегнат состојбата на судир на интереси или да излезат од истата. На ова особено укажува фактот дека се поголем број на потенцијални или актуелни носители на јавни функции бараат мислење од Државната комисија во врска со примената на одредбите од Законот за спречување судир на интереси.

Во извештајната 2011 година ДКСК во три конкретни случаи на судир на интереси ја утврди директната поврзаност на судирот со корупцијата така што предметите работени пред се како судир на интереси во фазата на натамошно постапување и истражување беа преквалификувани во случаи на корупција и соодветно на тоа се превземени иницијативи пред надлежните органи.

**1.** Постапувајќи по предмет во кој Министерството за внатрешни работи укажува на постоење можен судир на интереси кај лицето Диме Точков, помошник командир во Полициска станица од општа надлежност Кавадарци, а врз основа на член 21 став 1 алинеа 9 в.в. член 49 став 1 алинеа 6 и член 3 став 1 и 2 од Законот за спречување на корупцијата до Јавното обвинителство на РМ покрена Иницијатива за кривично гонење на лицето Диме Точков, бидејќи постои сомневање за сторено крвично дело – “ несовесно работење во службата “ од 353 в од КЗ на РМ, затоа што со повреда на законските прописи за судир на интереси несовесно постапувал при вршење на своите овластувања и должности со што прибавил имотна корист.

Забелешка: Постапката е во тек

**2.** Постапувајќи по предмет, оформен по пријава во која се укажува на постоење судир на интереси кај лицето Горан Стојковиќ поради извршување на две функции истовремено – член на Совет на општина Куманово и директор на Јавното претпријатие „Македонија пат “-Скопје, по разгледување на материјалните докази со кои располага и утврдување на фактичката состојба, согласно со член 49 став 1 алинеа 5 од Законот за спречување на корупцијата в.в. со член 21 став 1 алинеа 7 од Законот за спречување судир на интереси до Владата на Република Македонија покрена Иницијатива за поведување постапка за разрешување на наведеното лице

поради постапување спротивно на одредбите од Законот за спречување судир на интереси, односно неоткажување од едната од двете функции кои истовремено ги има извршувано.

Забелешка: Постапката е во тек

**3.** Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно со своите законски надлежности, постапувајќи по предмет оформен по пријава во која се укажува на постоење судир на интереси кај лицето Јасмина Никиќ-Десановска, директор на ОСМУ „Д-р Јован Калаузи“ од Битола поради вработување на лицето Билјана Петровска, во Општинското средно медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи” – Битола спротивно на законски утврдените процедури. По разгледување на материјалните докази со кои располага и утврдување на фактичката состојба, согласно со член 49 став 1 алинеа 5 од Законот за спречување на корупцијата в.в. со член 21 став 1 алинеа 7 од Законот за спречување судир на интереси до Градоначалникот на Општина Битола како орган кој ги избира директорите на јавните служби кои ги основала општината покрена Иницијатива за разрешување од извршување на јавна должност директор на ОСМУ „Д-р Јован Калаузи“ од Битола на лицето Јасмина Никиќ-Десаноска поради постоење основано сомневање дека ги прекршила границите на своите овластувања и должности и процедурите за вработување на лицето Билјана Петровска.

Забелешка: Постапката е во тек

## III.3. ИЗЈАВА ЗА ИНТЕРЕСИ

Со оглед на фактот што судирот на интереси претставува предворје на корупцијата и што во совладувањето на корупцијата превенцијата има посебна улога ДКСК во последните неколку години особено внимание му посвети на проблемот на судир на интереси со што придонесе Република Македонија од повеќе сродни институции во други земји, особено во регионот, да биде потенцирана како посебно успешна на овој план. Тоа се потврдува низ фактот што за судирот на интереси во 2007 се донесе посебен закон, кој беше иновиран 2009 година, со воведување на алатка – изјава за интереси што се обврзни да ја дадат сите службени лица при стапувањето на функција и должност. Тоа овозможува увид во интересите што ги има секое службено лице и нивна проверка од аспект на законот, што го подига степенот на јавната одговорност на службените лица и ефикасното спроведување на одредбите од законот.Имено, ДКСК во секоја од постапките за судир на интереси како извор на податоци ја користи и Изјавата за интереси.

Во 2011 година токму затоа што се оцени дека содржината и на Изјавите за интереси треба да биде проверувана се измени Законот и се утврди дека начинот на проверка на содржината на Изјавите за интереси треба да се уреди со посебен подзаконски акт.

Освен тоа, ДКСК смета дека Изјавата за интереси треба да ја следи промената на интересите кај секое службено лице што е сама по себе динамична материја за да може оваа алатка да ги покаже своите вистински ефекти, што несомнено бара натамошни измени на законот. Треба исто така, да се предочи фактот дека е практично тешко спроведлива законската обврска за прекршочна одговорност на службени лица што не доставиле Изјава за интереси затоа што сеуште во земјава е изразен проблемот со немање комплетни бази на податоци.

Извршувајќи ја законската обврска, ДКСК во текот на 2011 година прибра вкупно 425 изјави за интереси со што бројот на доставените Изјави за интереси до ДКСК заедно со прибраните во првата година на спроведување на Законот изнесува 4160.

| | |
|---|---|
| **Поднесени Изјави за интереси во извештајната 2011 година** | **425** |
| **Вкупно поднесени Изјави за интереси од воспоставување на обврската за поднесување на Изјавата за интереси** | **4160** |

# IV. СОРАБОТКА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА

## IV.1. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Познато е дека во сите меѓународни акти корупцијата е означена како глобален проблем кој ги надминува државните граници и за чие ефикасно спречување се неопходни што поунифицирани политики, прописи и практики што се потпираат врз конкретните резултати во земјите во кои што проблемот е најмалку изразен. Оттаму, меѓународната соработка на сродните тела и институции е од посебна важност за секоја земја потписничка на меѓународните конвенции со цел сопствено приспособување за долгорочно справување со корупцијата.

Искуствено се покажува дека преку учество на регионални и меѓународни конференции и состаноци, семинари и работилници од областа на спречувањето и борбата со корупцијата и судирот на интереси како и со реализација на студиски

посети и со организирање разни видови обуки се придонесува за јакнење на оспособеноста на државата да се носи со проблемот на корупцијата.

Токму затоа ДКСК на овој дел од своите надлежности гледа како на значајна можност Република Македонија да биде меѓу земјите кои успешно се справуваат со корупцијата, па и покрај постојаниот недостиг на финансиски средства со посебен ангажман настојува своето учество и присуство на меѓународен план да го реализира со донаторска финансиска поддршка. При учеството на меѓународните настани ДКСК ги презентира искуствата и напредокот од примената на законите и од севкупната антикорупциска агенда на Република Македонија. Истовремено овој вид на соработка овозможува да се применат позитивните искуства и пристапот на другите земји во борбата против корупцијата и судирот на интереси.

Во текот на 2011 година се остварени следните активности:

- Месец јануари 2011 година, Тирана, Р.Албанија - Учество на Меѓународна работолница на тема "Превенција на судирот на интереси-алатки и мерки" во организација на Вишиот инспекторат за контрола на изјавите за имотите (HIDAA) во соработка со Регионална антикорупциска иницијатива (RAI) и Советот за регионална соработка (RCC).
- Месец март 2011 година, Алмати, Казахстан - Учество на Меѓународна антикорупциска работилница на тема "Заеднички напори за повраток на имот и спротиставување на меѓународна корупција" во организација на Агенцијата за борба против економски и корупциски криминал и Бирото на Обединетите нации за дрога и организиран криминал (UNDOC).
- Месец март 2011 година, Загреб, Р.Хрватска - Учество на конференција на тема "Борба против корупцијата, најдобри практики - зголемена ефикасност низ меѓуинституционален и меѓусекторски пристап" во организација на Бирото на Соединетите Американски Држави за европски и евроазиски прашања и „Џорџ К.Маршал" Европски центар за безбедносни студии.
- Месец март 2011 година, Вилниус, Литванија - Учество на семинар на тема „Антикорупциската политика и тренинг за интегритет", во организација на Организацијата за економска соработка и развој (OECD) и Антикорупциската мрежа за источна европа и Централна Азија (ACD).
- Месец април 2011 година, Брисел, Белгија - Учество во работна група за „Реформа на јавната администрација", организирана од Европската комисија.
- Месец април 2011 година, Даниловград, Р.Црна Гора-Учество на Меѓународна обука на тема "Антикорупција во јавната администрација и Транспаренси Интернешнал Романија" организирана од RESPA.
- Месец април 2011 година, Тирана, Р.Албанија - Учество на Меѓународна работилница на тема „Конфликт на интереси, утврдување, менаџирање и

размена на искуствата“, организирана од страна на Виш инспекторат за контрола и пријава на имотите во соработка со Регионалната антикорупциска иницијатива и Советот за регионална соработка.

- Месец мај 2011 година, Брисел, Белгија - Учество на Визитинг програма на Европската комисија за 2011 година.
- Месец мај 2011 година, Љубљана, Р.Словенија - Учество во студиска посета за методологии, собирање податоци и анализа за влијанието на корупцијата и ефикасноста на антикорупциските механизми, организирана од TAIEX.
- Месец јуни 2011 година, Виена, Австрија - Учество во студиска посета овозможена преку TAIEX проектите на ЕК.
- Месец јуни 2011 година, Брисел, Белгија - Учество на меѓународен семинар на тема „Борба против корупцијата и специјални истражни мерки“.
- Месец јули 2011 година, Охрид, Р.Македонија - Меѓународна конференција на тема „Промовирање на интегритетот меѓу земјите членки на ИЕН“, организирана од ДКСК.
- Месец септември 2011 година, Виена, Австрија - Учество на работилница за оценка на Механизмот за евалуација на Конвенцијата на ОН против корупцијата, финализирање на извршното резиме за спроведената евалуација на САД и за претстојната евалуација на Камерун, организирана од страна на Канцеларијата на ОН против дрога и организиран криминал.
- Месец октомври 2011 година, Цетиње, Р.Црна Гора - Учество на Семинар на тема „Едукација на јавните функционери за судир на интереси“, во организација на Комисијата за спречување на судир на интереси.
- Месец ноември 2011 година, Варшава, Р.Полска - Студиска посета за борба против корупцијата и измами, овозможена преку TAIEX проектите на ЕК.
- Месец ноември 2011 година, Виена, Австрија – Организација на студиска посета на Академијата за борба против корупцијата во Виена и напредна обука за превенција на корупцијата во организација на УНДП, финансирано од УНДП и Норвешка амбасада.

## V. ОБУКИ И ЈАВНИ ДЕБАТИ

ДКСК, продолжува со активно учество во улога на обучувач на теми од областа на корупцијата и судирот на интереси- препознавање и надминување, со претставници од правосудните органи, спроведени од страна на Академијата за судии и јавни обвинители. Согласно со годишниот календар за реализација на овие обуки, утврден од Академијата за судии и јавни обвинители, ДКСК во 2011 година реализира обуки со претставници од правосудните органи на следните теми:

Месец март 2011 година „Измени на КЗ/активен и пасивен поткуп преку концептот на службено лице(чл.122 од КЗ)“- Академија за судии и јавни обвинители

Месец март 2011 година „Закон за спречување судир на интереси“- Врховен суд на РМ

Месец мај 2011 година „Измени на КЗ:Поткуп преку концептот на службено лице“- Основен суд Гостивар

Месец мај 2011 година „Борба против корупција/спречување судир на интереси“- Основен суд Гостивар

Месец мај 2011 година „Поткуп преку концептот на службено лице“- Апелационен суд Штип

Месец јуни 2011 година „Борба против корупција/спречување судир на интереси“- Апелационен суд Штип

Месец јуни 2011 година „Активен и пасивен поткуп преку концептот на службено лице“- Академија за судии и јавни обвинители

Месец јуни 2011 година „Активен и пасивен поткуп“- Апелационен суд Битола

Месец јуни 2011 година „Борба против корупција/спречување судир на интереси“- Апелационен суд Битола

Месец јуни 2011 година „Борба против корупција/спречување судир на интереси“- Академија за судии и јавни обвинители

Месец септември 2011 година „Борба против корупција/спречување судир на интереси“- Основен суд Гостивар

Месец октомври 2011 година „Поткуп преку концептот на службено лице“ - Академија за судии и јавни обвинители

Месец октомври 2011 година „Противправно стекнување и прикривање имот/конфискација на приноси од кривични дела“- Основен суд Гостивар

Месец октомври 2011 година „Борба против корупција и судир на интереси/поткуп“- Академија за судии и јавни обвинители

Месец ноември 2011 година „Противправно стекнување и прикривање имот/конфискација на приноси од кривични дела“- Апелационен суд Битола

Месец декември 2011 година „Борба против корупција и судир на интереси/поткуп“- Академија за судии и јавни обвинители

Месец декември 2011 година „Противправно стекнување и прикривање имот/конфискација на приноси од кривични дела“- Академија за судии и јавни обвинители

Исто така, ДКСК учествуваше во улога на обучувач и на обука спроведена од страна на МИОА и од Министерството за труд и социјална политика, на тема: “Антикорупција и етика на државните и јавните службеници“.

ДКСК во 2011 година организираше јавна дебата на тема „Финансирање на политички партии”. Заклучоците од јавната дебата беа објавени на веб страницата на ДКСК.

# VI. РАБОТА НА ПРОЕКТИ

## VI.1. ПРЕТСЕДАВАЊЕ СО МРЕЖАТА НА ЕКСПЕРТИ ЗА ИНТЕГРИТЕТ

Со цел зајакнување на меѓународната соработка во делот на градење на интегритетот во областите на превенција на судирот на интереси, анкетните листови на службените лица, етичките и други релевантни прашања во 2010 година се воспостави меѓународна мрежа “Мрежа на експерти за интегритет” (ИЕН). ДКСК согласно со потпишаната Декларација е втор по ред претседавач на оваа мрежа, во која се вклучени претставници од земјите членки на ИЕН - Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Македонија, Молдавија, Црна Гора, Косово, Србија, Словенија и Шпанија, Секретаријатот на Регионалната Антикорупциска Иницијатива (РАИ) за Југоисточна Европа со седиште во Сараево.

Едногодишното претседавање со ИЕН мрежата започна во месец мај 2011 година.

Прва активност во рамките на ИЕН беше организација на меѓународна работилница на тема „Промовирање на Интегритетот: национални и меѓународни правни механизми и инструменти“ на 04-05 јули 2011 година во Охрид. Целта на работилницата беше промовирање на интегритетот, моделите на интегритет, практиката, но и предизвиците кај земјите членки на Меѓународната мрежа на експерти за интегритет (ИЕН) по ова прашање. Реализацијата на оваа работилница финансиски беше подржана од РАИ – Регионалниот центар во Сараево.

ДКСК во својство на претседавач со мрежата изработи проект што го презентираше пред повеќе меѓународни субјекти што резултира со потпишување Договор за финансика поддршка во висина од 10.000 евра за реализација на Проектот „Промовирање на интегритетот меѓу земјите членки на мрежата на експерти за интегритет” со Амбасадата на Кралството Норвешка во Република Македонија. Подоцна со своја поддршка се приклучи Британската Амбасада во Република Македонија со средства во висина од 15.000 фунти за што беше потпишан Договор за реализација на проектот „Поддршка за спроведување на мерките на антикорупциската политика“.

Оваа финансиска подршка овозможи да се реализираат повеќе конкретни активности со непосредно учество на претставници од соодветни институции на

земјите членки на ИЕН врз разработка на сите релевантни аспекти на концептот на интегритет во целина.

Како потврда на свртеноста на ДКСК кон развојот на концептот на интегритет во спречувањето на корупцијата беше одржувањето на дводневна работилница за која меѓународниот антикорупциски ресурсен центар U4 во кој членуваат претставници од Холандија, Германија, Британија, Норвешка и Шведска, за партнер ја избраа ДКСК. Работилницата беше на тема „Градење на интегритет и спречување на корупцијата во Македонија: концепти, предизвици и насоки за делување". Притоа произлегоа следните заклучоци:

- Потреба јавните институции да го надминат јазот меѓу законодавството и практиката и да се идентификуваат проблеми и можни решенија во секоја институција
- Потреба за воспоставување систем на податоци во врска со проблемот на корупцијата. Секоја институција треба да спроведе самостојно проценување на ризиците од корупција во нејзиното работење
- Потреба да се подобри размената на информации меѓу различните институции поврзани со спречување на корупцијата и без да се навлезе во надлежностите и процедурите на секоја од нив, да се постигне поефикасно спроведување на истрагите на случаите на корупција
- Потреба да се креира колективен дијалог со широко учество на сите чинители, вклучувајќи ги медиумите и ГО, координирано од ДКСК, за следење на спроведувањето на политиките, проектите, реформите и активностите за спречување на корупцијата.

## VI.2. ПРОЕКТИ TAIEX

Имајќи ги предвид препораките на Европската Комисија, ДКСК во 2011 година работеше на проекти чија што реализација се остварува преку ТАИЕХ инструментот на Европската Комисија. Овие проекти се во поединечна вредност од околу 10.000 евра и поради тоа се одобруваат брзо и претежно се насочени кон зајакнување на институциите преку студиски посети, ангажирање на експерти и помош при организирање на работилници.

Во текот на 2011 година на ДКСК и беа одобрени четири проекти од ваков вид за експертиза на методологии за проверка на изјавите за интереси, обука на обучувачи и две студиски посети на сродни институции во Австрија и Полска.

# VII.МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА

Со оглед на карактерот на корупцијата како сериозен општествен проблем од најшироки размери кој се однесува на сите сегменти и поединци во општеството и кој несомнено има и меѓународни димензии, ефикасното спречување на корупцијата обврзно подразбира создавање соодветен нормативен и институционален капацитет на сите пунктови и непосредна соработка како на државните со другите органи со непосредни надлежности на полето на борбата против корупцијата, така и со другите сегменти во опшеството какви што се граѓанскиот сектор, приватниот сектор, медиумите и други. Токму затоа ДКСК остварувајќи ја својата носечка улога на координатор и поттикнувач на севкупната борба против корупцијата, посебно внимание во континуитет обрнува на меѓуинституционалната соработка.

Во 2007 година иницира Протокол што го потпишаа 17 институции со надлежности на полето на корупцијата во кој се утврдени и практично функционираат повеќе форми на меѓусебно информирање, размена на информации и документи, стручна соработка и помош, заедничка работа врз одделни законски проекти или врз посложени случаи на корупција.

Во 2010 година со потпишување на Меморандум за взаемна поддршка за спречување на корупцијата и судирот на интереси, кругот на соработка се прошири и со граѓанскиот сектор така што кон првите 17 потписници во 2011 година се приклучија уште две граѓански организации- Македонскиот центар за лобирање– Битола во месец февруари 2011 година и Здружението на граѓани „Младински образовен форум“ од Скопје, во месец декември 2011 година.

Во извештајната 2011 година кругот на неопходни субјекти за остварување на најширока непосредна соработка се заокружи и со приватниот сектор со потпишување на Меморандум за взаемна поддршка за спречување на корупцијата и судирот на интереси , во кои се вклучени 9 асоцијации од овој сектор.

Овие Меморандуми претставуваат рамка за взаемна соработка врз размена на информации, обуки и конкретни проекти.

## VII.1. СОРАБОТКА СО ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Согласно со Протоколот во 2011 година се реализирани работни средби и тоа:

- Во месец јануари 2011 година, работна средба со Управата за јавни приходи заради отпочнување постапка за континуирана проверка на анкетните листови согласно со претходно усвоените „Критериуми за начинот на определување на анкетни листови кои ќе бидат предмет на проверка“

- Во месец февруари 2011 година, ДКСК организираше работна средба со Управата за финансиска полиција со цел формирање заеднички тим за постапување по конкретни предмети за испитување на имотот и имотната состојба.
- Во месец февруари 2011 година, работна средба со преставници од Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција и со Управата за спречување перење пари и финансирање тероризам, во врска со случаите за кои ДКСК цени дека споменатите институции треба да постапуваат по службена должност.
- Во рамките на алинеата од Протоколот која се однесува на давање меѓусебна помош при откривањето на случаи на корупција и судир на интереси, во месец март 2011 година, е одржан работен состанок со претставници од Државното правобранителство на Република Македонија и со странски адвокатски тим за размена на информации во врска со спор против Република Македонија за надомест на штета воден пред Арбитражниот суд во Париз.
- Во месец мај 2011 година, се реализираше средба со Советот за радиодифузија во врска со прашања поврзани со предизборниот процес во кои надлежностите на двете институции се допираат.
- Во месец септември 2011 година, со посредство на Управата за финансиска полиција се обезбедени изводите од банкарските сметки на организаторите на изборната кампања затоа што ДКСК која и покрај тоа што има надлежност да врши надзор врз финансиското работење на политичките партии, според Законот за банки нема пристап до банкарските сметки.
- Во месец септември 2011 година, ДКСК реализираше средба со Царинската управа, заради презентирање на резултати од работењето при што беше побарана поддршка од ДКСК за конкретните случаи за сомнеж за корупција на вработени во Царинската управа и за проблеми во ефикасноста на примената на дисциплинските мерки.
- Во месец октомври 2011 година, се реализираше средба со членови на Советот за радиодифузија во врска со извештаите за медиумското покривање на изборите.

Како резултат на потпишаниот Протокол има забележителни подобрувања во делот на работа по предмети, особено на планот на размена на информации со што е подигнат степенот на ефикасното постапување.

Така во врска со конечните извештаи на Државниот завод за ревизија по кои има постапувано ДКСК остварувани се во повеќе наврати непосредни контакти и работни средби со цел уточнување на значајни факти за работата по овие предмети.

По конкретни предмети веќе е воспоставена редовна практика на директна соработка со претставници на Управата за јавни приходи во врска со проверката на податоците од анкетните листови.

## VII.2. СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Од повеќето остварени форми на соработка за одбележување е потпишаната Спогодба за реализација на проектот "Анти-корупциска едукација на ученици од основните училишта" склучена со Центарот за граѓански комуникации . Во врска со реализацијата на овој проект од страна на Бирото за развој на образованието преку Министерството за образование и наука, до ДКСК е доставено позитивно стручно мислење за остварување на проектните активности што подоцна беше основа за обезбедување финансиска поддршка од Кралството Норвешка, како и за формирање експертски тим со можност за развој на овој проект со вклучување на антикорупциски содржини во системот на образованието.

Освен ова треба да се спомене дека ДКСК и во 2011 продолжи преку свои претставници непосредно да учествува во активностите на граѓанските здруженија насочени кон јакнење на јавната свест против корупцијата, развојот на владеењето на правото, обезбедувањето одржлив институционален развој и јакнење на интегритетот.

## VII.3. СОРАБОТКА СО ПРИВАТНИОТ СЕКТОР

Во изминатиот период главното внимание како на нормативен така и на практичен план беше насочено кон спречување на корупцијата првенствено во јавниот сектор. Тоа неоправдано го остави настрана еден од највиталните сектори од општеството а тоа е приватниот сектор во кој вирее корупцијата колку во спрега со одделни субјекти во јавниот сектор, толку и со стихијно одвивање на процесите наспроти законските норми. За ДКСК ова прашање стана особено актуелно во 2011 година во насока поефикасно да се одговори на предизвиците и тековните проблеми на земјава, особено во делот на превенцијата и репресијата на корупцијата и судирот на интереси, а притоа ценејќи ја подготвеноста и покажаниот интерес за соработка од страна на приватниот сектор кој покажува отворено незадоволство од одредени состојби пред се во постаките за доделување на јавните работи и набавки. Од тие причини освен развивање на формите и содржините за соработка со приватниот сектор утврдени во потпишаниот Меморандум, ДКСК во Државната програма во претстојниот мандатен период по прв пат приватниот сектор го одвои како посебен сегмент врз кој се однесуваат активностите утврдени во Државната програма 2011-2015 приспособени на утврдените ризици и потребните интервенции за подобрување на состојбите.

# VIII. ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Транспарентноста, јавноста и отчетноста на ДКСК се основни принципи во нејзиното работење. ДКСК настојува низ различни форми на односи со јавноста континуирано да нуди информации за своето постапување и за прашања што се наметнуваат како актуелни од аспект на препознавање и спречување на корупцијата и судирот на интереси.

На својата веб страница ДКСК ги објавува сите позначајни пишани документи, а некои посебно ги проследува до одделни корисници на информации од областите на нејзиното делување. Така покрај обврзното објавување на финасиските извештаи на организаторите на изборната кампања и на анкетните листови и на промените на имотната состојба, ДКСК во 2011 година ги објави Државната програма, Информацијата за примената на законските прописи во предвремените парламентарни избори 2011 во врска со прашања за кои е надлежна ДКСК, како и сите соопштенија од одржаните прес конференции. На тој начин информации се нудат и до медиумите со цел не само запознавање на општата јавност туку и за мотивирање на јавните гласила што почесто да обработуваат теми од областа на корупцијата и судирот на интереси, придонесувајќи со тоа да јакне јавната свест за штетноста на корупцијата, немирењето со неа и активното вклучување на сите општествени субјекти во спречувањето на ова општествено зло. На веб страницата на ДКСК се објавени 36 информаци за случаи на корупција и судир на интереси.

И покрај тоа ДКСК цени дека има потреба уште повеќе да се развие овој начин на комуникација со јавноста за што е неопходно ангажирање стручно лице во рамките на нејзиниот секретаријат, што е како потреба поддржано и од органите што треба да придонесат за практична реализација, а до што за жал сеуште не е дојдено.

Во 2011 година со оглед на доминантните активности на планот на работење врз предвремените парламентарни избори и врз подготовката и донесувањето на Државната програма за претстојниот мандатен период ДКСК посебно ја запознаваше јавноста преку тематски прес конференции, вкупно 11 на број.

На дневна основа е реагирано на секое барање на медиумите преку давање коментари или стручни толкувања за да се потпомогне квалитетното информирање на медиумите за актуелните прашања од областа на корупцијата. Одржани се повеќе брифинзи со новинари и дадени се интервјуа на нивно барање. Треба да се потенцира дека ДКСК настојува својот углед и кредибилитет пред јавноста да го гради како одговорна стручна институција која не настојува по секоја цена да биде присутна во медиумите туку да придонесе за објективно и квалитетно информирање на граѓаните на начин и во мерка што одговараат на нејзината општествена позиција и улога.

# IX. ПОСТАПУВАЊЕ ПО БАРАЊА ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Со Уставот на Република Македонија, како едно од основните права на граѓанинот од корпусот –„Граѓански и политички слободи и права " е гарантиран слободниот пристап до информациите, слободата на примање и пренесување на информациите.

Ваквото гарантирано основно право е операционализирано со донесување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со кој се обезбедува јавност и отвореност во работењето на имателите на информации и овозможува физичките и правните лица да го остваруваат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Тргнувајќи од начелото на јавност, утврдено во Законот за спречување на корупцијата, при тоа имајќи предвид дека јавноста и отвореноста во работењето се во функција на мерките и активностите кои ги превзема Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија со посебен професионален однос пристапува кон предметите кои се заведени по доставени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Така во текот на 2011 година до Државната комисија за спречување на корупцијата беа поднесени 35 писмени барања за пристап до информации од јавен карактер.

Државната комисија по сите поднесени барања постапи во законскиот рок, утврден во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Од вкупно поднесените 35 барања за пристап до информации од јавен карактер, ниту едно барање не е одбиено. Од вкупно 35 поднесени барања, позитивно е одговорено на 34 барања, а по 1 барање е донесен заклучок, со кој постапката се прекинува, согласно со член 26 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.13/06, 86/08 и 06/10).

Во предметите заведени по поднесените барања од страна на барателите не е поднесена ниту една жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, како второстепен орган кој одлучува по поднесени жалби од страна на барателите, ниту пак се поведени управни спорови пред Управниот суд на Република Македонија против конечни одлуки.

# X. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

1. **Извештајот за 2011 година ја одразува интензивната работа на Државната комисија за спречување на корупцијата во година во која објективно требаше да се одработат и се реализираа задачи од нејзина витална надлежност, што е за посебно одбележување особено поради промена на статусот на членовите на Државната комисија во нивни професионален ангажман.**
2. **Државната комисија за спречување на корупцијата посебна проактивност покажа што по првпат од нејзиното основање, користејќи ја подобрената законска регулатива, потемелно и аналитички се осврна врз предвремените парламентарни избори доставувајќи до Собранието на Република Македонија посебен наменски документ насловен како Информација за да придонесе за динамизирање на процесот на подобрување на изборното законодавство особено во поглед на финансирањето и незаконското користење на јавните средства и добра за изборни цели.**
3. **Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси 2011-2015 година претставува позитивен исчекор во операционализирањето на концептот на интегритет и насочување на борбата против корупцијата и судирот на интереси врз најризичните области во општеството така што е нужно од сите институции носители и учесници да се спроведат во дело утврдените активности и мерки.**
4. **Висината и начинот на буџетирање на Државната комисија за спречување на корупцијата се под барањата на Конвенцијата на Обединетите нации и законската позиција и улога на Државната комисија, што не е без одраз врз практичните резултати и ефекти од нејзиното работење врз подигањето на ефикасната борба против корупцијата.**
5. **Значајни законски надлежности Државната комисија остварува со самоиницијативно проектно работење при што е карактеристично што странските донатори со својата финансиска подршка Државната комисија ја сметаат за кредибилен партнер.**
6. **Тргнувајќи од фактот дека во Република Македонија повеќе е сторено на планот на создавање нормативен и институционален капацитет отколку во практичните резултати во совладувањето на корупцијата, Државната комисија од своето непосредно искуство во постапувањето смета дека има потреба од зајакнување на алатките што треба да и бидат ставени на располагање за да се постигнат позначајни резултати во репресијата на корупцијата.**

7. **Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија за 2010 година го афирмира постигнатиот напредок на Државната комисија во проверката на имотот и имотната состојба на службените лица, но вистинските резултати во владеењето на правото и откривањето и санкционирањето на злоупотребите многу зависи од воспоставувањето систем на бази на податоци кај сите органи и институции со непосредна надлежност во спречување на корупцијата и судирот на интереси што се уште недостига во Република Македонија.**

**Државна комисија за спречување на корупцијата**